# МАКЕДОНСКИ ПОЛИЦИСКИ ОЗНАКИ (2)

*Трајче Трајков*

**НА** 22.4.1998 год. Владата на Република Македонија донесе нова Уредба за униформата и ознаките на униформата на полицијата во Министерството за внатрешни работи[1] со која не беа направени никакви промени во делот на полициските ознаки. Ознаките регулирани со уредбата од 1994 год. останаа во употреба, повторно пропишани како дел од полициската униформа.

Во 1999 год., специјалната единица на МВР формирана уште во далечната 1981 год., го доби препознатливото име ,,Тигар" и симболот на тигар како свој заштитен знак. За таа цел, на 14.9.1999 год. Владата на РМ донесе Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата во МВР, со која беа пропишани новите ознаки на полициските ,,Тигри".

,,На горниот дел од десниот ракав на виндјакната од зимската и летната маскирна униформа и на маскирната кошула со кратки ракави, на растојание од 10 см од горниот раб на ракавот е вшиен правоаголен амблем со димензии 10,5 х 2,5 см, изработен од чоја со светлосина боја, на кој со бели букви е извезено ,,СПЕЦИЈАЛНА ПОЛИЦИЈА", а од внатрешната страна на растојание од 0,5 см од надворешниот раб е опшиена жолта лента. На горниот дел од левиот ракав на виндјакната од зимската и летната маскирна униформа и на маскирната кошула со кратки ракави на растојание од 10 см од горниот раб на ракавот е вшиен амблем во облик на штит со димензии 11 х 9,5 см, изработен од чоја со светлосната боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под тоа „ЕДИНИЦА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ" подвлечена со жолта линија по должината на целиот натпис, под која линија е извезено „SPECIAL POLICE FORCE", а под тоа со големи букви е извезено „ТИГАР". Под сите натписи, во комбинација од бела, кафеава, црвена и жолта боја е извезен тигар, под него две молњи со жолта боја, а целиот амблем на растојание од 0,5 см од надворешниот раб е извезен со жолта лента. Овој амблем во намалена форма со димензии 5,5 х 4

# MACEDONIAN POLICE INSIGNIA (2)

*Trajče Trajkov*

**ON** April 22, 1998 The Government of the Republic of Macedonia adopted a new Regulation on uniforms and insignia of the police uniform in the Ministry of Interior[1] with which there were no changes in the police insignia. Markings prescribed by the Regulation of 1994 remained in use, again prescribed as part of the police uniform.

In 1999, the Ministry of Interior's special unit which was formed back in 1981 got the recognizable name "Tigers" and a tiger as it's symbol. Therefore, on April 9, 1999 the Government adopted the Decree for amending the Decree on the uniform and insignia of the police uniform in the Ministry of Interior, with which the new marks for the "Tigers" were set.

"On the upper right sleeve of the windbreaker from the winter and summer camouflage uniforms and the camouflage shirt with short sleeves, at a distance of 10 cm from the upper edge of the sleeve a rectangular emblem with dimensions 10.5 x 2.5 cm is embroidered, made of light blue colored felt, on which in white letters the words „SPECIJALNA POLICIJA„ ("SPECIAL POLICE") are embroidered, and on the inside at a distance of 0.5 cm from the outer edge there is a bordered yellow strip. On the upper left sleeve of the windbreaker from the winter and summer camouflage uniforms and the camouflage shirt with short sleeves at a distance of 10 cm from the upper edge of the sleeve an emblem in the shape of a shield with dimensions 11 x 9.5 cm is embroidered, made of felt with light blue color, on which with white lettering is embroidered „REPUBLIKA MAKEDONIJA" („REPUBLIC OF MACEDONIA"), and under it „EDINICA ZA SPECIJALNI ZADAČI„ („SPECIAL TASK UNIT"), underlined with a yellow line along the entire inscription, below which the words "SPECIAL POLICE FORCE" are embroidered, and below with large letters is embroidered „TIGAR" („TIGER"). Under all, in a combination of white, brown, red and yellow colors a tiger is embroidered, under which there are two lightnings in yellow, and around the whole emblem at the distance of 0.5 cm

см е вшиен на маскирната капа, а на десната страна од зелената беретка е поставена значка во форма на штит со испакнат знак на тигар со димензии 3 x 3 см.“[2] Истите ознаки согласно чл.2 се носат на летачкиот комбинезон и на црната беретка. Со оваа измена беше отстранета од употреба значката за маскирна капа со шеснаесетзрачно сонце.

Во 2000 год. беа дизајнирани и воведени нови униформи за македонската полиција, пропишани со нова Уредба за униформата и ознаките на униформата на полицијата во МВР[3] донесена од Владата на РМ на 8.2.2000 год. Во делот на полициските ознаки се извршени одредени промени. Општиот амблем на полицијата остана ист, но наместо верзијата со бели гумирани букви се воведоа нови амблеми со везени букви и симболи, во повеќе бои (најчесто комбинација на бели или жолти букви врз темносина или црна чоја). Полициската униформа е поделена на работна и свечена. Шапките кои полицајците ги носеа за секојдневно вршење на задачите беа повлечени од употреба и станаа дел само од свечената униформа, а на нивно место се воведени нови „безбол“ капи со стреа (чл.4, т.2). „На предната страна на капата во средина има амблем везен на чоја во форма на штит, со димензии широчина 6,5 см и висина 6 см. Подлогата на амблемот е извезена со конец од 100% свила во темно-сина боја, а ловоровиот венец и ознаката РМ се извезени од 100% свила во златно-жолта боја.“[4] За полициската беретка е пропишан истоветен амблем во со намалени димензии од 5,5 см x 5см (чл.4, т.3). На шапката за свечена униформа сите полицајци ја носат значката која со уредбата од 1994 год. беше предвидена само за полицајците со чин мајор или повисок чин (чл.8, т.4). Воведени се нови копчиња за свечената униформа без симболот шеснаесетзрачно сонце, а наместо ремени со тока беа воведени ремени со шнола за закопчување (чл.7). Реверните ознаки се заменуваат со нови везени ознаки во форма на две гранчиња од ловоров лист без кратенката „РМ“, и тоа само на сакото за генералите (чл.8, т.1). На црната и зелената беретка за припадниците на ЕСЗ „Тигар“ наместо значка со испакнат знак на тигар се носи значка со извезена глава на тигар со димензии 3 x 3 см.

За време на вооружениот конфликт, со одлука на Владата на РМ во јуни 2001 год. беше формирана и промовирана Единицата за брза интервенција

from the outer edge is bordered with yellow strip. This emblem is sewn in reduced form with dimensions 5.5 x 4 cm on the camouflage hat, and on the right side of the green beret a badge is placed in the form of a shield with protruding sign of a tiger with dimensions 3 x 3 cm.“[2] These insignia, according to Article 2, are worn on the flight overalls and on the black beret. With this change the camouflage cap badge with the 16-rayed sun was removed from use.

In 2000 there were new uniforms designed and introduced for the Macedonian police, set by a new Regulation on uniform and insignia of the police uniform of the MOI[3] brought by the Government on February 8, 2000. Regarding the police markings there were some changes. The general police emblem remained the same, but instead of the version with white rubber letters there were new emblems with embroidered letters and symbols in several colors (usually a combination of white and yellow letters on a dark blue or black felt). The police uniform is divided into working and festive. The hats that officers wore while performing their daily tasks were decommissioned and only became part of the official uniform, and in their place there were new, “baseball“ caps with a shelter (Article 4, item 2). “On the front of the hat in the middle there is an emblem embroidered on felt in the form of a shield, with dimensions of 6.5 cm x 6 cm. The base of the emblem is embroidered with a thread of 100% silk in dark blue and a laurel wreath mark and the letters “RM” are embroidered with 100% silk in a golden-yellow color.“[4] The police beret has an identical emblem prescribed in reduced sizes of 5,5cm x 5cm (Article 4, item 3). The cap for all ceremonial uniform officers has the badge that the decree of 1994 has proscribed only for officers with the rank of major or higher (Article 8, item 4). Introduced were new ceremonial uniform buttons without the 16-rayed sun symbol, and instead the belt with buckle there were introduced belts with barrette fastening (Article 7). The revers insignia were replaced with new embroidered insignia in the form of two branches of laurel leaf without the abbreviation “RM“, and only on the jackets of the generals (Article 8, item 1). The black and green beret for members of the Rapid Intervention Unit „Tigar“ (“Tiger“) instead of the badge with a projected sign of a tiger there was a badge with an embroidered tiger head with dimensions 3 x 3 centimeters.

„Лавови“, за чии припадници беа дизајнирани нови ознаки со стилизирана фигура на исправен лав како симбол на новата полициска единица.

„Полицајците-припадници на Единицата за брза интервенција – Лавови, носат беретка со црна боја, изработена од чоја. На предната страна на беретката е вшиен амблем со облик на штит, со димензии 5 x 4 см, изработен од чоја со темносина боја, на кој со свилен конец во златножолта боја е извезен двоопашест лав со меч. На десниот ракав ...на растојание од 10 см од горниот раб на ракавот е вшиен амблем со облик на штит, со димензии 11,5 x 9,5 см, изработен од чоја со темносина боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа „ЕДИНИЦА ЗА БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА“, а под тоа со големи букви е извезено „ЛАВОВИ“, подвлечено со жолта линија по должината на целиот натпис. Под сите натписи со свилен конец во златножолта боја е извезен двоопашест лав со меч, во чија позадина со бел свилен конец е извезен крст.“[5]

За време на конфликтот, исто така, се извезени амблеми и за Баталјоните за брза интервенција во состав на единицата, која функционираше на ниво на бригада. Амблемот за левиот ракав е во форма на правоаголник со димензии 13 x 3,5 см, изработен од чоја со црна боја, на на кој со бели букви е извезено „БАТАЉОН ЗА БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА“, а од внатрешната страна на растојание од 0,5 см од надворешниот раб е опшиена жолта лента. Основниот амблем вшиен на десниот ракав на униформата е со облик на штит, со димензии 12,5 x 11 см, изработен од чоја со црна боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа „БАТАЉОН ЗА БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА“, подвлечено со жолта линија по должината на целиот натпис. Под натписите со свилен конец во жолта боја е извезен двоопашест крунисан лав со меч, над него со големи бели букви е извезено „ЛАВОВИ“, во чија позадина со бел свилен конец е извезен крст. На предната страна на беретката се носи амблем во форма на штит со димензии 5 x 4 см, изработен од чоја со црна боја, на кој со свилен конец во жолта боја е извезен двоопашест крунисан лав со меч.

За припадниците на единицата „Лавови“ се дизајнирани и четири метални значки. Металната значка за беретка е истоветна по содржината и натписите со амблемот на единицата, во нама-

During the armed conflict, with a decision of the Government in June 2001, a rapid reaction unit called „Lavovi“ (“Lions”) was, for whose members new insignia were designed with a stylized figure of a rampant lion as a symbol of the new police unit. Officers belonging to the Rapid Reaction Unit “Lions” were wearing black berets made of felt. The front of the hat there is a sewn shield-shaped emblem measuring 5 x 4 cm, made of felt in dark blue color, with a two-tailed rampant lion carrying a sword embroidered with a silky thread in golden color. On the right sleeve at a distance of 10 cm from the upper edge of the sleeve was sewn a shield-shaped emblem with dimensions 11.5 x 9.5 cm, made of felt in dark blue color, on which is embroidered in white letters „REPUBLIKA MAKEDONIJA“ (“REPUBLIC OF MACEDONIA”), and under it „EDINICA ZA BRZA INTERVENCIJA“ (“RAPID INTERVENTION UNIT”), underlined with a yellow line along the entire text. Under all text with a silk thread in golden color is embroidered a two-tailed rampant lion carrying a sword, on whose background is a white silk thread cross.“[5]

Also during the conflict, emblems were embroidered for the Rapid Reaction Battalions within the unit, which operated at a brigade level. The emblem on the left sleeve in the form of a rectangle measuring 13 x 3.5 cm, made of black felt, on which with white lettering are embroidered the words „BATALJON ZA BRZA INTERVENCIJA“ (“BATTALION FOR RAPID INTERVENTION”), and on the inside at a distance of 0,5 cm from the outer edge there is a yellow strip border. The basic sewn emblem on the sleeve of the uniform is in the shape of a shield with dimensions 12.5 x 11 cm, made of black felt, on which with white lettering is embroidered „REPUBLIKA MAKEDONIJA“ (“REPUBLIC OF MACEDONIA“), and under it „BATALJON ZA BRZA INTERVENCIJA“ (“BATTALION FOR RAPID INTERVENTION”), underlined with a yellow line along the entire text. Under the text, with a silk thread in yellow is embroidered a two-tailed crowned lion carrying a sword, and over it with big white letters the word „LAVOVI“ (“LIONS“) is embroidered, on whose background there‘s a cross from white silk thread. On the front of the hat an emblem in the form of a shield with dimensions 5 x 4 cm is worn, made of black felt, on which there‘s a crowned lion carrying a sword in yellow silk thread.

лени димензии од 4,3 x 3,7 см, со мала разлика што површината зад натписите е емајлирана со црвена боја. Површината на втората значка целосно е со син емајл. Третата значка е во форма на штит со сина боја со димензии 4,5 x 3,5 см, на кој со жолта боја е претставен двоопашест исправен лав кој држи меч. Особено е интересна четвртата значка, изработена од метал со сива боја. Основата на значката е крст во чија средина е поставен штит со прикажан исправен двоопашест лав со круна, кој држи меч. На горниот крај крстот завршува со лента со натпис „МВР на РМ“, а од трите страни е опкружен со ловоров венец. Димензиите на значката се 5,3 x 3,8 см.

За време на вооружениот конфликт, а особено по неговото завршување, се воведени амблеми и значки кои не беа регулирани со уредба како подзаконски акт. Овој тренд особено продолжи по завршувањето на конфликтот кога се дизајнирани и воведени нови ознаки, што е голем пропуст на полициското раководство. За овие полициски ознаки ќе стане збор во следниот број на Македонски хералд. ■




**Амблеми и значки на полицијата и специјалните единици при Министерството за Внатрешни Работи / Emblems and badges of the police and the special units of the Ministry of Internal Affairs**

Four metal badges were designed for the members of the “Lions” unit. The metal beret badge is identical in content and articles with the emblem of the unit, only with reduced dimensions of 4.3 x 3.7 cm, with a slight difference that the surface behind the inscriptions is enamelled in red. The surface of the second badge is completely with blue enamel. The third badge is in the form of a blue shield with dimensions 4.5 x 3.5 cm, on which with yellow is represented the two-tailed rampant lion carrying a sword. Especially interesting is the fourth badge, made of grey metal. The basis for the badge is a cross in the middle on which there is a shield with a two-tailed crowned rampant lion carrying a sword. The upper end of the cross ends with a ribbon with the inscription „MVR na RM“ (“MOI of RM“), and on the other three sides it’s surrounded by a laurel wreath. The dimensions of the badge is 5.3 x 3.8 cm.

During, and especially after the armed conflict, there were new emblems and badges that were not regulated by ordinance as a bylaw. This particular trend continued after the conflict when new insignia were designed and introduced, which is a major failure of police leadership. These police markings will be discussed in the next issue of the Macedonian Herald. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

1 Службен весник на Република Македонија, Official Gazette of the Republic of Macedonia, 20/98, 1096-1103.
2 Службен весник, Official Gazette, 61/99, 3081
3 Службен весник, Official Gazette, 10/2000, 416-428
4 Ibid, 417
5 Службен весник, Official Gazette,16/2002, .1,2